## Работилница 2. Врснички групи

### Материјали:

- работен лист за учениците: Врснички групи
- ножици
- материјали за воведна и/или завршна активност

### Воведна активност

Предлог: Нови групи

### Главна активност

Сите се делат во мали групи и секоја група добива по еден комплет од претходно исечени картички од работниот лист за учениците: Врснички групи, со задача да ги нареди картичките од најгоре до најдолу според тоа колку членувањето (да се биде дел од групата) во конкретните групи може да значи вовлекување во ризични активности и проблеми со законот.

Потоа по еден претставник од секоја група ги претставува трите картички кои, според неговата/нејзината група, ги именуваат најризичните групи.

### Дискусија

1. Кои врснички групи беа најчесто спомнувани како најризични?
2. Што ги прави овие групи ризични?
3. Зошто младите воопшто членуваат или се дел од такви групи?
4. Дали членувањето во нив по автоматизам значи и влегување во ризични активности?
5. Која е разликата меѓу врсничките групи од горниот дел и оние од долниот дел на вашите ранг листи?

### Заклучок

Ризичноста од членувањето во некои групи или да се биде дел од тие групи се состои во тоа што активностите кои таквите групи ги преземаат може да се казниви со закон. На пример, поседување и пушење марихуана или насилнички постапки од страна на скинхедси, неонацисти итн.

Младите членуваат во такви групи во кои се чувствуваат прифатено и сигурно. Најчесто членувањето во ваквите групи е индикатор за проблеми во интерперсоналните односи во семејствата од каде произлегуваат, па немоќта и несигурноста во секојдневието се заменува со групи во кои се надокнадува со таквата „моќ".

Не може по автоматизам да се заклучи дека членувањето во некоја од овие групи би довела до сигурни негативни последици, само веројатноста е многу поголема. Навивачките групи на  пример, може сосема добро да функционираат ако во нив нема елементи на насилство и говор на омраза.

Да се биде член на некоја врсничка група од долниот дел на ранг листите исто така може да носи чувство на сигурност и исполнетост, особено ако преку нив доаѓаат до израз некои наши вредности и интереси. Неретко, членувањето во такви групи е поврзано со преземање на афирмативни акции, градење на позитивни вредности и хармонични интерперсонални и/или групни односи.

**Завршна активност**

Предлог: Водач и следбеник

**Рефлексија**

1. Што правевме денеска?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Работен лист за учениците: Врснички групи**

| |
|---|
| **НАВИВАЧКА ГРУПА** |
| **МОТОРЏИИ** |
| **МААЛСКА БАНДА** |
| **ОБОЖАВАТЕЛИ НА МАРИХУНА** |
| **КЛУБ НА МЛАДИ ЛИТЕРАТИ** |
| **СПОРТСКИ ТИМ (ФУДБАЛСКИ, КОШАРКАРСКИ, РАКОМЕТЕН...)** |
| **КАРАТИСТИ** |
| **АКТИВИСТИ ВО НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА** |
| **ОБОЖАВАТЕЛИ НА ТЕХНО МУЗИКА** |